**Прилог број: 3**

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 25.09.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на елементи на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Агенција) на сметката Основен буџет бр. 16-140/4 од 22.08.2019 година, од Г-ѓа Билјана Јовановска, директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-140/4 од 25.09.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.3.** која се однесува на функционалната анализа на Агенцијата и Центрите за вработување, која се спроведува во соработка со УНДП, **претставува известување** од страна на Агенцијата дека е добиен финалниот извештај во кој се презентирани наодите и препораките од проценката. Информацијата ќе биде презентирана во конечниот извештај.

2. Забелешката на дел од дадената препорака во **точката 4.2.1,** која се однесува на преземање на активности од страна на Агенцијата за донесување на статутот со цел да се запази законски предвидениот рок од шест месеци и последователно на тоа да се преземат активности за соодветни измени во Колективниот договор **претставува известување** дека е постапено по дадената препорака, односно донесена е Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на АВРСМ која е објавена во „Службен весник на РСМ” бр.165/19 и истото ќе презентирано во конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5,** која се однесува на програма Самовработување, **претставува известување** за активностите на Секторот за активни мерки и програми во сите фази од реализација на мерката и за процесот на транзиција на програмата за целосна реализација од страна на Агенцијата. Дадените **информации во известувањето** и се познати на ревизијата и истите се соодветно презентирани во извештајот на ОДР.

4. Забелешката на пасус 5 од **точката 4.2.8.** која се однесува на мерката Поддршка за вработување на инвалидни лица, **претставува известување** за дополнување на постапката при склучување на договор за исплата на доделени неповратни средства од Посебниот фонд поради што се врши промена на последната

реченица од став 5 на утврдената состојба во точка 4.2.8. се менува односно истата треба да гласи "Врз основа на донесените решенија централната служба изготвува договори за исплата на доделени неповратни средства што ги потпишуваат работодавачот и Директорот на АВРСМ. По основ на работно оспособување на инвалидни лица Центрите изготвуваат два договори што ги потпишуваат раководителот на Центарот за вработување со работодавачот и инвалидното лице".

За делот од **забелешките** кој се однесува на **алинеја 1** во **точката 4.2.8. од констатираните неправилности** при доделување на неповратни средства од Посебниот фонд по основ на набавка на опрема на Заштитно друштво за производство, трговија и услуги број 22/2018/24-1005 од 31.08.2018 година **не се прифаќа**, од причини што не се презентирани информации кои на ревизијата не и беа познати во фазата на извршување на ревизијата. Делот од **забелешките на алинеја 2 и алинеја 3** од констатираните неправилности **претставуваат известување** дека од страна на Агенцијата ќе се преземат соодветни мерки за контролни увиди кај корисници на неповратни средства од Посебниот фонд со цел да се постапува согласно Правилникот и Упатствата и по потреба ќе се формираат посебни комисии за вршење на увид за наменско користење на доделените средства од Посебниот фонд.

5. Забелешката на констатираните состојби во алинеја 4 од точката **4.2.10.** која се однесува на мерката Обука за стручни квалификации според барања на работодавачи **не се прифаќа**, и констатираните неправилности остануваат непроменети од причини што се доставени Извештаи за извршени теренски посети од страна на претставници од Центарот за вработување Тетово и од УНДП и тоа кај 2-ца работодавачи кои не беа опфатени со примерокот на ревизија и истите не се доволен доказ за промена на констатацијата во извештајот. Истото соодветно ќе биде презентирано во конечниот извештај, а дадената препорака останува непроменета.

6. Забелешката на констатираната состојба во точката 4.2.12. алинеја 2 која се однесува на утврдување на надзорните активности на Агенцијата за вработување во делот на следење на спроведувањето и реализирањето на обуката, кај работодавачот **не се прифаќа,** од причина што во забелешките не се презентирани информации кои на ревизијата не и беа познати во текот на извршување на ревизијата. Констатираната состојба на овластениот ревизор се однесува на не утврдени конкретни надзорни активности во рамките на потпишаните трипартитни договори помеѓу Агенцијата, Центар за образование на возрасните и спроведувачот на обуката кои Агенцијата треба да ги изведува при следење на спроведувањето и реализирањето на обуката. Во таа насока дадена е и препорака за измена и дополнување на постојните ОУ во насока на прецизирање на надзорните и контролни активности кои Агенцијата треба да ги спроведува во целокупниот процес од организирање до реализирање на конкретната обука. Од страна на Агенцијата доставено е **известување дека по препораката е постапено** и во прилог е доставен Заклучок за усвојување на

ревидираните оперативни упатства бр.02-2978 од 27.08.2019 година кој ќе биде презентиран во конечниот извештај.

Забелешката дадена од страна на агенцијата за констатацијата “немање на докази за извршена обука и положен испит” **не се прифаќа,** од причина што во констатираната состојба од страна на овластениот ревизор прецизно е укажано дека не беа презентирани докази дека по завршената обука и положен испит, невработените лица се стекнале со соодветен документ/сертификат за реализираната обука кој како услов е уреден во рамките на ОУ за соодветната обука.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.13.** која се однесува на мерката Обука за персонални асистенти **не се прифаќа,** од причини што не се презентирани информации кои на ревизорот не му беа познати во фаза на извршување на ревизијата. Во прилог на забелешките доставени се докази за кои овластениот државен ревизор нема констатирано неправилности и не е дадена препорака за истото, а не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба.

8. **Забелешката** на констатираните состојби во **точката 4.2.14.** која се однесува на мерката Практиканство во делот на издавањето на потврда за завршена практична работа, бројот на работни часови за реализација на практичната обука **не се прифаќа**, поради тоа што од причини што не се презентирани информации кои на ревизорот не му беа познати во фаза на извршување на ревизијата, а со наведеното во забелешките **се потврдуваат состојбите** констатирани од страна на овластениот државен ревизор, за кои ОДР има дадено препорака: При изготвување на ОУ за мерката практиканство да ги имаат во предвид одредбите од Закон за практикантство („Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), посебно во делот кој се однесува на договорот и евиденцијата на практикантска работа, како и издавање на потврда за завршена практична работа, во форма предвидена со Правилникот[1].

[1] Правилник за формата и содржината на потврдата за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практикантската работа и времетраењето на практикантската работа („Службен весник на РСМ“ бр. 127/19, 136/19).